# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 5 Година 2022*
*26.04.2022 година*
*Кратово*

*Претплата за 2022 година*
*износува ______________ денари*
*Тек. Сметка бр. ______________*


**Содржина** **Стр.**


- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2022 година ........ 1
- Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2022 година ........ 1
- Заклучок за објавување на Одлука за давање поддршка за аплицирање на Проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ЃОРЃИ КАКАШЕВСКИ СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 510 МЕТРИ по Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата ........ 2
- Одлука за давање поддршка за аплицирање на Проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ЃОРЃИ КАКАШЕВСКИ СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 510 МЕТРИ по Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата ........ 2, 3
- Заклучок за објавување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за К.П.204, КО Туралево, Општина Кратово ........ 3
- Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко--планска документација за издавање на урбанистичка согласност за К.П.204, КО Туралево, Општина Кратово ........ 3
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година ........ 4
- Одлука за усвојување на Програма за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година ........ 4
- Програма за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година ........ 5

************************************************************************************************


- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година .......... 6
- Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година ........................................ 6
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за еднакви можности на Општина Кратово за 2022 година .............................................. 7
- Одлука за усвојување на Годишна програма за еднакви можности на Општина Кратово за 2022 година ..................................................................... 7
- Заклучок за објавување на Одлука за формирање на Локален совет за превенција во Општина Кратово ........................................................... 8
- Одлука за формирање на Локален совет за превенција во Општина Кратово ..................................................................................... 8, 9
- Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од буџетот на општина Кратово ....................................................................... 10
- Одлука за доделување на помош од буџетот на општина Кратово .................... 10, 11
- Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од буџетот на општина Кратово ....................................................................... 11
- Одлука за доделување на помош од буџетот на општина Кратово .................... 11, 12
- Заклучок за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства како помош од буџетот на општина Кратово за поддршка на спортски активности на Здружение спортско рекреативен пинг- понг клуб Кратово-ППК од Кратово .............................................................................. 12
- Одлука за обезбедување на финансиски средства како помош од буџетот на општина Кратово за поддршка на спортски активности на Здружение спортско рекреативен пинг- понг клуб Кратово-ППК од Кратово .......................................................................... 12, 13
- Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за примена на Одлуката за дополнување на Одлуката на УО бр.02-234/1 од 28.02.2018 година и Одлука бр.02-952/1 од 13.12.2018 година за определување на висината на цените на комуналните услуги што ги дава ЈП "Кратово" ............................................................................ 13
- Одлука за давање согласност за примена на Одлуката за дополнување на Одлуката на УО бр.02-234/1 од 28.02.2018 година и Одлука бр.02-952/1 од 13.12.2018 година за определување на висината на цените на комуналните услуги што ги дава ЈП "Кратово" .................................................... 13
- Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за примена на Одлуката за утврдување на цените за издавање на пазаришни места на ГРАДСКИ ПАЗАР-КРАТОВО.......................................................................... 14
- Одлука за давање согласност за примена на Одлуката за утврдување на цените за издавање на пазаришни места на ГРАДСКИ ПАЗАР-КРАТОВО.......................................................................... 14
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Финансиски извештај за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово ...................................... 15
- Одлука за усвојување на Финансиски извештај за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово ...................................... 15
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план на ЈП "Кратово"-Кратово за 2022 година ...................................... 16
- Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план на ЈП "Кратово"-Кратово за 2022 година ................................................................ 16


************************************************************************************************

*****************************************************************************************


- Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Измената и дополнувањето на Статутот на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово ................................................................ 17
- Одлука за давање согласност на Измената и дополнувањето на Статутот на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово ................................................................ 17


**Прилози:**


- Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година ...................................................... 8 стр.
- Годишна програма за еднакви можности на Општина Кратово за 2022 година ....................................................................... 3 стр.


*****************************************************************************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 26.04.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2022 година бр.09-627/1,** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-646/1
26.04.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244//09, 53/2021, 77/2021 и 150/2021), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2022 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2022 година предложен од Градоначалникот на општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 година, кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-627/1
21.04.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 26.04.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање поддршка за аплицирање на Проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ЃОРЃИ КАКАШЕВСКИ СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 510 МЕТРИ по Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата**

**1.Се објавува: Одлука за давање поддршка за аплицирање на Проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ЃОРЃИ КАКАШЕВСКИ СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 510 МЕТРИ по Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата бр.09-628/1,** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-647/1
26.04.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 36 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата од 05.04.2022 година на Бирото за регионален развој и Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.78/2022) и согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање поддршка за аплицирање на Проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ЃОРЃИ КАКАШЕВСКИ СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 510 МЕТРИ по Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава поддршка Општина Кратово да аплицира со Проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ЃОРЃИ КАКАШЕВСКИ СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 510 МЕТРИ по Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата од 05.04.2022 година на Бирото за регионален развој.

Предмет на Јавниот повик е доделување на финансиски средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.78/2022).

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-628/1 — **Претседател**
21.04.2022 г. — **на советот на Општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 26.04.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за к.п.204, КО Туралево, Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за к.п.204, КО Туралево, Општина Кратово бр.09-629/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-648/1 — **Градоначалник**
26.04.2022 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/17, 190/17) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21), член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Сл. Гласник на Општина Кратово" бр.6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за К.П.204, КО Туралево, Општина Кратово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Кратово со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А1-1 станбени куќи со дворови-самостојни, изграден на К.П.204, м.в."драки", КО Туралево, изграден од страна на Мише Трифуновски со адреса на живеење с.Живалево, Општина Кратово.

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од плански опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на Александар Трифунов од с.Железница.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Туралево.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Туралево на предметната локација ќе се предвиди намена А1-1 станбени куќи со дворови-самостојни.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 629/1 — **Претседател**
21.04.2022 г. — **на Советот на Општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 26.04.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година бр.09-630/2** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-649/1
26.04.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точки 1 и 4, член 36 став 1 точка 6 и 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 94, 95, 96 и 97 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), а согласно член 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-630/2
21.04.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точки 1 и 4, член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија), член 94, 95, 96 и 97 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година**

Со оваа Програма се врши дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Кратово за 2022 година бр.09-1611/1 од 27.12.2021 година објавена во ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.15/2021) и тоа:

Во точка 1 Општ дел, под точка 1.3.Начин на пресметување на корисната површина за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, после точката 16 се додаваат две нови точки 17 и 18 кои гласат:

**17.** За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) се утврдува коефициент 0,01.

**18.** За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела се утврдува коефициент 0,01.

Во под точка 1.4.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште, после точката 12 се додаваат три нови точки 13, 14 и 15 кои гласат:

**13.** За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 8.000,00 ден/м² за градежна парцела помножена со утврден коефициент.

**14.** За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува за површина на градежна парцела и ќе изнесува 5.000,00 ден/м² помножена со утврден коефициент и утврден попуст даден во проценти.

**15.** За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 800.000,00 денари за една ветерница.

Дополнувањето на Годишната програма се врши според Правилник за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/2022).

Програмата за дополнување на Годишната програма за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура во општина Кратово за 2022 година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-630/1 **Претседател**
21.04.2022 г. **на советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 26.04.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма заспроведување на општи мерки за заштита на населениетоод заразни болести во 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година бр.09-631/2** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-650/1 — **Градоначалник**
26.04.2022 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016), член 22 став (1) точка 9, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а во согласност со Стручното мислење за спроведување на превентивна дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Кратово во 2022 година на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово бр.03-399/3 од 09.03.2022 година и Решение бр.09-3425 од 03.03.2022 госина и согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" 10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-631/2 — **Претседател**
21.04.2022 г. — **на советот на Општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 26.04.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за еднакви можности на Општина Кратово за 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишна програма за еднакви можности на Општина Кратово за 2022 година бр.09-632/2** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-651/1 | **Градоначалник**
26.04.2022 г. | **на Општина Кратово**
Кратово | Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("службен весник на РМ" бр.6/2012, 30/2013, 166/2014, 150/2015 и 201/2015), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишна програма за еднакви можности на Општина Кратово за 2022 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Годишна програма за еднакви можности на Општина Кратово за 2022 година.

Годишната програма е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-632/2 | **Претседател**
21.04.2022 г. | **на советот на Општина Кратово**
Кратово | Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 26.04.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за формирање на Локален совет за превенција во Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за формирање на Локален совет за превенција во Општина Кратово бр.09-633/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 21.04.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-652/1
26.04.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

